Врз основа на член 20, став 1, алинеја 3 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" 63/2007), Советот за развој на Пелагонискиот плански регион на седницата одржана на 03.02.2015 година донесе:

# ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2015 ГОДИНА

**за имплементација на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион 2015 – 2019**




**Февруари, 2015 година**
**Битола**

**Вовед**

Потребата за планирање на годишно ниво се наметнува заради остварување на развојните цели согласно стратешките документи за регионална развојна политика на Република Македонија.

Во суштина, регионалниот развој е холистички процес во којшто различни регионални групи на интерес партиципираат во дефинирањето, одлучувањето и имплементацијата на развојни цели за тековните генерации, заради намалување на диспаритетите во развојот помеѓу и во рамките на планските региони, без да го нарушат капацитетот за економско инвестирање на идните генерации, ниту пак нивниот социјален и еколошки капитал.

Стратешката рамка за рамномерен и одржлив развој на националната економија и општеството во целина ја чинат Законот за рамномерен регионален развој («Службен весник на РМ» број 63/07) заедно со регулативата во неколку други сектори, Стратегијата за регионален развој на Република Македонија за периодот 2009 – 2019 («Службен весник на РМ» број 119/09). Сето ова претставува појдовна основа за подготвока на Акциониот план за 2015 година за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион 2015 – 2019 година.

Целта на изготвувањето на овој Акционен план е да даде насока во развојниот пат на Пелагонискиот регион кон подобро разбирање на начинот на којшто се остварува одржливиот развој преку рефлектирање на потребите генерирани во визијата и заедничките приоритети на различните заинтересирани страни на локално, регионално и национално ниво.

**Правна рамка**

Основата за подготовка на Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на планските региони е утврдена во член 13 од Законот за рамномерен регионален развој, кој предвидува донесување на годишни Акциони планови за спроведување на Програмата.

Самата содржина на Акциониот план е уредена со Правилникот за Методологија за изработка на планските документи за регионалниот развој. Во членот 24 на оваа Методологија се дефинирани следните содржини на Акциониот план:

- Стратешки цели;
- Приоритети во рамките на стратешки цели;
- Мерки за имплементација на секој приоритет;
- Индикатори за следење на имплементацијата на секоја мерка;
- Надлежни институции за спроведување на мерките
- Висина на трошоците и извори на финансирање на регионалниот развој

Процесот за изработка на Акциониот план е координиран од страна на тимот на Центарот за развој на Пелагонискиот пласнки регион, како институција којашто учествува во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој.

**Стратешки цели, приоритети и мерки за спроведување на приоритетите на регионалниот развој на Пелагонискиот регион за 2015 година**

Програмата за развој на Пелагонискиот регион е базирана на основниот концепт на политиката на регионален развој: развивање и имплементација на полицентричен модел на развој, а поаѓа од насоките за развој на регионот опишани во Националната Стратегија, како и од развојните цели и приоритети на составните општини. Во склад со Законот, оваа Програма има за цел да обезбеди:

- Поттикнување на одржлив и рамномерен економски развој на регионот
- Развој на Пелагонија како конкурентна туристичка дестинација и промоција на регионалниот културен идентитет;
- Унапредување на квалитетот на социјалните и здравствените услуги, спортот и образованието на регионално ниво;
- Подобрување на меѓусебната и меѓународната поврзаност за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните и привлекување инвеститори;
- Поконкурентно земјоделство и одржлив рурален развој
- Заштита и унапредување на животната средина во насока на одржлив развој

При изработката на Програмата за развој на ППР 2015 – 2019 беше утврдена развојната визија :

*Пелагонискиот регион е образовен, културен, туристички, спортски економски конкурентен регион, со развиена инфраструктура, перспектива за младите и социјалната сигурност на населението.*

Врз основа на SWOT анализата и утврдената визија, остварувањето на среднорочните цели на развојот и зацртаната крајна цел (визијата) – Пелагонискиот регион е образовен, културен, туристички, спортски и економски конкурентен регион, со развиена инфраструктура, перспектива за младите и социјална сигурност на населението, е прикажано во Табела 1.

**Табела 1**

| Стратешки цели | Приоритети |
|---|---|
| **Поттикнување на одржлив и рамномерен економски развој на регионот** | Приоритет 1.1 Подобрување на конкурентноста на претпријатијата и поттикнување на претприемништвото |
| | Приоритет 1.2 Зголемување на инвестициите и извозот |
| **Развој на Пелагонија како конкурентна туристичка дестинација и промоција на регионалниот културен идентитет** | Приоритет 2.1 Подобрување и збогатување на туристичката понуда на регионот |
| | Приоритет 2.2 Унапредување и заштита на културата и културното наследство |
| **Унапредување на квалитетот на социјалните и здравствените услуги, спортот и образованието на регионално ниво** | Приоритет 3.1 Подобрување на нивото на социјална и здравствена заштита |
| | Приоритет 3.2 Поттикнување на современи образовни |
| | Приоритет 3.3 Создавање на спортски и натпреварувачки дух кај младата популација во рамки на средното и |

| | |
|---|---|
| | високото образование |
| **Подобрување на меѓусебната и меѓународната поврзаност за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и привлекување инвеститори** | Приоритет 4.1 Подобрување  на енергетската инфраструктура |
| | Приоритет 4.2 Подобрување на комуналната инфраструктура |
| | Приоритет 4.3 Подобрување на постоечката и изградба на нова сообраќајно-транспортна инфраструктура |
| **Поконкурентно земјоделство и одржлив рурален развој** | Приоритет 5.1 Зголемување на квалитет и квантитет на земјоделското производство |
| | Приоритет 5.2 Одржлив рурален развој |
| **Заштита и унапредување на животната средина во насока на одржлив развој** | Приоритет 6.1 Унапредување на животната средина преку креирање услови за интегрирано управување со загадувањето (почва, вода, воздух) |
| | Приоритет 6.2 Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и обновливи извори на енергија |
| | Приоритет 6.3 Валоризација на биолошката разновидност во насока на регионален развој |

Со мерките предвидени со оваа Програма ќе искористат силните страни како основа за реализација на можностите за развој кои стојат на располагање на регионот, со едновремен обид за надминување на слабостите и амортизација на заканите како пречка за развојот на регионот.
Инструментите за поддршка на развојот (национални и меѓународни) во 2015 година ќе бидат искористени за постигнување на одржлив развој, преку подобрување и унапредување на инфрастурните услови, заштита на животната средина, подобрување на условите за развој на претприемништвото, инвестирање во човечките капацитети, зголемување на искористеноста на природните ресурси во регионот во насока на зголемување на енергетската ефикасност, развој на регионални културни иницијативи, меѓународна соработка и преку потесно поврзување на стејкхолдерите во регионот во сите релеванти области за развој на регионот.

Акциониот план за имплементација за стратешките цели и приоритети на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион за 2015 година дава преглед на мерките и активностите коишто Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион заедно со другите чинители на регионалниот развој планира да ги оствари согласно ресурсите што ги поседува и финансиските средства неопходни за имплементација на поединечните активности, во согласност со насоките дадени од страна на носителите на одлуките за рамномерен регионален развој на регионално и национално ниво. Сето тоа ќе биде следено преку конкретни индикатори за изведба коишто ќе произлегуваат од адекватни извори на информации за нивна верификација.

Предложените индикатори за следење на спроведувањето на мерките во рамките на приоритетите од Програмата за развој на Пелагонискиот регион се прикажани подолу.

**Табела 2 –ПРОГРАМАТА 2015-2019**

| Приоритети | Мерки | Индикатори |
|---|---|---|
| Приоритет 1.1 Подобрување на конкурентноста на претпријатијата и поттикнување на претприемништвото | 1.1.1 Создавање на инфраструктура за поддршка и промоција на бизнисот | • Број на активни деловни субјекти<br>• Бруто додадена вредност во секторите на дејноста<br>• Број на вработени млади лица (вклучувајќи и жени)<br>• Број и вредност на одобрените проекти финансирани од ИПАРД<br>• Број на претпријатија кои донирале во општеството |
| | 1.1.2 Поддршка на развојот на вредносни синџири во секторите со најголем економски потенцијал | |
| | 1.1.3 Вмрежување и поддршка за формирање на кластери | |
| | 1.1.4 Поттикнување на техничко - технолошкиот развој и иновативноста кај претпријатијата | |
| | 1.1.5 Брендирање на производи од Пелагонискиот регион | |
| | 1.1.6 Поттикнување на развојот на претприемништвото, самовработувањето и занаетчиството, со особен акцент кај младите и жените | |
| | 1.1.7 Градење на институционалните капацитети и поддршка на бизнис секторот за искористување на финансиски развојни инструменти | |
| | 1.1.8 Креирање на економија базирана на знаење преку поврзување на стопанството со образовните институции | |
| | 1.1.9 Поттикнување и промоција на општествената одговорност на бизнис секторот | |
| Приоритет 1.2 Зголемување на инвестициите и извозот | 1.2.1 Креирање и промоција на поволности за инвестирање | • Обем на извозот од регионот<br>• Инвестиции во основни средства<br>• Обем на директни странски |
| | 1.2.2 Организација и поддршка на учеството на домашни и интернационални бизнис саеми | |

| | | |
|---|---|---|
| | 1.2.3 Поддршка на домашните и странски инвеститори | инвестиции<br>• Обем на домашни инвестиции<br>• Број на активни деловни субјекти по општини<br>• Стапка на невработеност (%) |
| | 1.2.4 Промоција на регионот во меѓународни рамки и воспоставување на соработка со дијаспората и економските промотори | |
| | 1.2.5 Подобрување на условите за бизнис активности и инвестиции во малите општини и руралните средини | |
| | 1.2.6 Промоција на форми на заеднички вложувања, јавно приватно партнерство и социјално претприемништво | |
| | 1.2.7 Унапредување на економската соработка со прекуграничните региони | |
| | 1.2.8 Поддршка на извозот и промоција на извозните производи на меѓународни пазари | |
| Приоритет 2.1 Подобрување и збогатување на туристичката понуда на регионот | 2.1.1 Подобрена категоризација и стандардизација на туристичката понуда во регионот | • Број на туристи и зголемено времетраење на престој<br>• Број на посетители на културните манифестации<br>• Функционален и оперативен туристички кластер<br>• Број на лиценцирани туристички и планински водичи<br>• Обезбеден брз и квалитетен пристап до туристички локалитети |
| | 2.1.2 Инвестиции во инфраструктурата поврзана со развој на туризмот во регионот | |
| | 2.1.3 Јакнење на институционалната структура за поддршка и развој на туризмот во регионот | |
| | 2.1.4 Креирање и промоција на регионална понуда за авантуристички туризам | |

| | | |
|---|---|---|
| | 2.1.5 Интернационализација на регионалниот туристички производ преку негова промоција и вмрежување на туристичките чинители | |
| | 2.1.6 Вложување во развојот на човечките капацитети во туризмот | |
| Приоритет 2.2 Унапредување и заштита на културата и културното наследство | 2.2.1 Креирање на регионални финансиски механизми за поддршка на културата | • Број на посетители во културните институции<br>• Број на посетители на културните манифестации<br>• Број и вредност на одобрени проекти |
| | 2.2.2 Поддршка на традиционалните занаети и народното творештво | |
| | 2.2.3 Јакнење на човечките капацитети од обласа на културата | |
| | 2.2.4 Конзервација, реставрација и реконструкција на културно историското наследство во регионот | |
| | 2.2.5 Вмрежување и развој на меѓуопштинска и интерсекторска соработка | |
| | 2.2.6 Унапредување на интернационалната и прекуграничната соработка во обласа на културата | |
| Приоритет 3.1 Подобрување на нивото на социјална и здравствена заштита; | 3.1.1 Креирање на регионални политики и одржливи модели за унапредување на состојбата на ранливите, маргинилизираните групи и лицата со посебни потреби<br>3.1.2 Воспоставување на институционална рамка за унапредување на социјалната заштита во руралните средини | • Број на лица кои мигрирале (се иселиле) надвор од Пелагонискиотрегион<br>• Намален број на лица кои мигрирале внатре во Пелагонискиот регион “село – град“<br>• Зголемен број на лица кои мигрирале на релација “град – село“<br>• Број на продадени живеалишта/ објекти за домување<br>• Подобрени услови за |
| | 3.1.3 Подобрување на нивото на социјална заштита преку социјална инклузија за намалување на миграцијата село-град и град-град | |

| | | |
|---|---|---|
| | 3.1.4 Подобрување на состојбата за згрижување на децата во руралните средини (предшколски престој, дневен престој и сл.) | згрижување на деца (до 5 год.) во установи за згрижување<br>• Број/капацитет за згрижување стари лица<br>• Број на информативни и промотивни настани |
| | 3.1.5 Застапување и лобирање за подобрување на законската регулатива и политиките од социјалната сфера на национално ниво | |
| | 3.1.6 Квалитативно подобрување на просторните, кадровските и техничките капацитети на здравствените установи во регионот | |
| | 3.1.7 Јакнење на свеста и креирање активни мерки за превенција од болести на зависност, намалување на социо-патолошките појави, превенција од современи болести и промовирање на здрав живот и исхрана | |
| Приоритет 3.2 Поттикнување на современи образовни процеси со практична вредност | 3.2.1 Воспоставување на директна вклученост (интегрирани програми) на образовните институции во реалниот сектор преку пристап „од теорија – во пракса“ | • Број на заеднички програми и активности во кои учествува реалниот сектор<br>• Број на нови паралелки (според потребите и барањата на бизнис секторот)<br>• Број на ученици запишани и завршени во тие паралелки<br>• Создадени услови за синергија преку број на отворени и функционални центри според барањата и потребите на бизнис секторот<br>• Број на училишта кои ги задоволуват условите/ стандардите за следење настава (изградени и реновирани училници/кабинети, набавени нагледни средства и опрема)<br>• Број на одржани средби промотивни настани и обуки |
| | 3.2.2 Јакнење на капацитетите на засегнатите чинители во однос на претприемништвото | |
| | 3.2.3 Подигнување на свеста и промоција на значењето на претприемништвото (регионални иновациски фондови и сл.) | |
| | 3.2.4 Подобрување на квалитетот во средното и високото образование со креирање нови и атрактивни програми и унапредување на инфраструктурните и материјално-техничките и технолошките услови | |

| | | |
|---|---|---|
| | 3.2.5 Поттикнување на неформални облици и доживотно учење – ВЕТ центри за стекнување нови знаења и вештини | за информатичка технологија |
| | 3.2.6 Промоција и практикување на мобилност, преквалификација и доквалификација за стекнување знаења и вештини за зголемување на вработеноста | |
| | 3.2.7 Промоција и подигнување на свеста за значењето и можностите на ИТ. | |
| Приоритет 3.3 Создавање на спортски и натпреварувачки дух кај младата популација во рамки на средното и високото образование. | 3.3.1 Функционалност и одржливост на спортските објекти | • Број на отворени, функционални и оперативни спортски објекти<br>• Број на отворени/регистрирани спортски школи/центри<br>• Број на новоизградени спортски објекти и спортски терени<br>• Број на лиги/турнири организирани во регионот<br>• Број на ученици на натпревари/турнири во регионот<br>• Број на ученици на натпревари/турнири надвор од регионот<br>• Воспоставен систем за одржување на спортските објекти |
| | 3.3.2 Создавање услови за спортување кај младите во руралните средини | |
| | 3.3.3 Воспоставување на систем на натпреварување во основните и средните училишта и универзитетите | |
| | 3.3.4 Воспоставување на систем на резултати и награди на локално и регионално ниво во индивидуалните и групните спортови | |
| Приоритет 4.1 Подобрување на енергетската инфраструктура | 4.1.1 Подготовка на стратешки документи – студии за изводливост (физибилити), проектно-техничка документација, ГУП и ДУП за енергетска инфраструктура (вклучувајќи економски и индустриски зони) | • Број на искористени физибилити студии и анализи за реализација на проекти<br>• Инсталирани нови капацитети за ел. енергија - KW/h-MW/h (вклуќувајќи топлинска и обновливи извори на енергија – сонце/ветер/биомаса)<br>• Број на приклучоци и корисници<br>• Намален број на падови на |
| | 4.1.2 Реализација на проекти за енергетска инфраструктура (вклучувајќи и за искористување топлинска енергија) | |

| | | |
|---|---|---|
| | 4.1.3 Подобрување на постоечката и изградба на нова енергетска инфраструктура во областите со специфични развојни потреби во регионот<br><br>4.1.4 Подигнување на свеста кај населението за енергетска ефикасност (вклучувајќи штедење, оптимално искористување и иновации)<br><br>4.1.5 Изградба на комплетна инфраструктура (патна – влез/излез и комунална и енергетска инфраструктура) за индустриско-економски и туристички зони | напојување во мрежата<br>• Број на реализирани ЈПП<br>• Број и вредност на одобрени проекти/апликации |
| Приоритет 4.2 Подобрување на комуналната инфраструктура | 4.2.1 Подготовка на стратешки документи – студии за изводливост (физибилити), проектно-техничка документација за комунална инфраструктура (водоводи, системи за отпадни води, енергетски водови – терцијарна мрежа, хидрантска мрежа итн.)<br><br>4.2.2 Реализација на проекти за комунална инфраструктура (водоводи, системи за отпадни води, енергетски водови, хидрантска мрежа итн.)<br><br>4.2.3 Подготовка на проектно-техничка документација, изградба и одржување на системи за наводнување и одводнување на земјоделските површини и изградба на мини акумулации<br><br>4.2.4 Подобрување на постоечката и изградба на нова комунална инфраструктура во областите со специфични развојни потреби, економски и индустриски зони во регионот<br><br>4.2.5. Стратешки документи, техничка документација и реализација на проекти за заштита од природни непогоди и кризни ситуации (вклучувајќи | • Број на физибилити студии и анализи<br>• Број на технички документации (водоснабдителни системи, системи за отпадни води, тех. док. за печистителни станици, системи за наводнувањеи)<br>• Број/km на реконструирани/ изградени водоснабдителни системи, системи за отпадни води, техничка документација за печистителни станици<br>• Број на нови приклучоци на системи за водоснабдување и канализација<br>• Површина на земјиште наводнувана од системи за наводнување<br>• Зголемена наплата од корисниците на вода за пиење и техничка вода<br>• Број на приклучоци<br>• Зголемена наплата од корисници<br>• водоснабдување и канализација) наплата<br>• Број/набавена и функционална опрема за следење на природните услови |

| | | |
|---|---|---|
| | хидро-метеоролошки станици и точки, градобијни станици и точки итн.) | • Број и вредност на одобрени проекти/апликации |
| | 4.2.6 Подигнување на свеста кај населението за комуналните услуги | |
| Приоритет 4.3 Подобрување на постоечката и изградба на нова сообраќајно-транспортна инфраструктура | 4.3.1 Подготовка на стратешки документи  за режимот на сообраќај, вертикална и хоризонтална сигнализација и реализација на проекти за вертикална и хоризонтална сигнализација на транспортната инфраструктура | • Број на изготвени технички документации (ГУП, ДУП, друга планска и проектна документација)<br>• Број на физибилити студии и анализи<br>• Број на изготвени технички документации – проекти (локална и регионална сообраќајно-транспортна инфраструктура)<br>• Број/км на изградена и реконструирана локална и регионална сообраќајно-транспортна инфраструктура<br>• Број/км на заменета и нова сообраќајна сигнализација (хоризонтална и вертикална)<br>• Намален број на сообраќајни незгоди<br>• Број/кмна одржувани сообраќајници<br>• Зголемен број на патници во патниот и железничкиот транспорт |
| | 4.3.2 Подготовка на анализи, техничка документација и реализација на проекти за интегрирани велосипедски и пешачки патеки | |
| | 4.3.3. Подготовка на техничка документација и реализација на патна инфраструктура (рехабилитација и реконструкција на постоечката и нова) | |
| | 4.3.4. Подготовка на техничка документација и реализација на железничка инфраструктура (рехабилитација и реконструкција на постоечката и изградба на нова) | |
| | 4.3.5. Подготовка на документација и реализација на системи за мониторинг и „паметен“ (анг. smart) транспорт. | |
| | 4.3.6. Подигнување на свеста кај населението и кај останатите учесници во сообраќајот (безбедност, сигурност, одговорност) | |
| Приоритет 5.1 Зголемување на квалитет и квантитет на земјоделското производство и преработка | 5.1.1 Спроведување на законските регулативи и целите од Националната стратегија на РМ за земјоделство и рурален развој за периодот 2014 – 2020 година | • Зголемување на производството по култура и по хектар (%)<br>• Инвестирана вредност во модернизација на |

| | | |
|---|---|---|
| | 5.1.2 Воведување на иновации во земјоделството, органско производство, нови производи и технологии во земјоделското производство и преработка | земјоделството<br>• Произведени количини на ароматични, зачински и лековити билки<br>• Зголемување на вработувањата во земјоделството (%) |
| | 5.1.3 Градење на капацитети на земјоделците и дефинирање на соодветни едукативни програми (формално и неформално образование) и поттикнување на млади и жени во земјоделството | |
| | 5.1.4 Воведување на производство на ароматични, зачински и лековити билки | |
| | 5.1.5 Промоција на земјоделскиот сектор преку организација и учество на саемски манифестации во земјата и странство | |
| | 5.1.6 Поддршка за земјоделскиот сектор во искористување на домашни и меѓународни фондови со фокус на ИПАРД програмата | |
| | 5.1.7 Поддршка на земјоделски задруги и други видови на здружувања во земјоделството (кластери, машински прстени и др.) | |
| | 5.1.8 Прилагодување на земјоделскиот сектор кон климатските промени | |
| Приоритет 5.2 Одржлив рурален развој | 5.2.1 Изработка на анализи и студии за потенцијалите за развој на руралните средини (датабази, мапи, регистри) | • Зголемен број на население во руралните средини (%)<br>• Зголемен број на туристи во руралниот туризам (%)<br>• Број на активности / проекти на ЛАГ-овите<br>• Покриеност на просторот на подрачјата со специфични развојни потреби со урбанистичка планска документација (во %) (плански региони, општини)<br>• Висина на средства |
| | 5.2.2 Поттикнување и поддршка на отворање на нови „неземјоделски“ бизниси и интегрирани рурални бизниси (туризам на фарма и сл.) | |
| | 5.2.3 Поттикнување на миграција „град-село“ (живеење и работа) | |
| | 5.2.4 Обезбедување на здравствено–социјални, | |

| | | |
|---|---|---|
| | културно-едукативни услуги | инвестирани во заеднички економски, образовни, социјални и културни проекти за поврзување на помалите општини и руралните средини со поголемите урбани центри во рамките на регионите (плански региони, општини) |
| | 5.2.5 Поддршка на руралниот туризам | |
| | 5.2.6 Градење на капацитетите на ЛАГ-овите | |
| | 5.2.7 Поддршка за подготвување и спроведување на проекти на ЛАГ-овите во Пелагонискиот регион | |
| | 5.2.8 Промовирање на соработка и размена на искуства со ЛАГ-овите на национално и меѓународно ниво | |
| Приоритет 6.1 Унапредување на животната средина преку креирање услови за интегрирано управување со загадувањето (почва, вода, воздух) | 6.1.1 Креирање план за регионално интегрирано управување со отпад | • % од населението во ПР едуцирано за превентивни мерки, преку трибини, обуки, кампањи<br>• Процент од правните лица во ПР кои ги спровеле законските мерки за заштита на животната средина<br>• Една подготвена физибилити студија за начинот на одведување на отпадни води<br>• Една подготвена физибилити студија за одредување на карактеристични точки како мрежни места (вода, воздух, почва) |
| | 6.1.2 Реализација на проекти за управување со отпад | |
| | 6.1.3 Изградба на системи за собирање, одведување и прочистување на отпадните води | |
| | 6.1.4 Уредување и регулирање на речните корита и атмосферски води | |
| | 6.1.5 Воспоставување на систем за мониторинг на степенот на загаденост и превентивни мерки за намалување на загадувањето (почва, вода, воздух) | |
| | 6.1.6 Справување со климатските промени на регионално ниво | |
| | 6.1.7 Надградба на човечките капацитети за заштита на животната средина и намалување на загадувањето | |
| Приоритет 6.2 Оптимално користење и валоризација на природните ресурси | 6.2.1 Изградба на систем за топлификација од РЕК Битола | • Капацитет на изградени инсталации за производство на енергија од обновливи извори |
| | 6.2.2 Поттикнување на користење на обновлива | |

| | | |
|---|---|---|
| и обновливи извори на енергија | енергија и изградба на капацитети за производство на енергија од обновливи извори на енергија | • Изработка на физибилити студии за искористување на биомасата, биогасот и биодизелот<br>• Изработка на проекти за користење на соларна енергија |
| | 6.2.3 Подобрување на енергетската ефикасност на станбените и јавните објекти | |
| | 6.2.4 Подигање на јавната свест за значењето на користењето на обновливата енергија | |
| | 6.2.5 Поддршка на бизнис секторот за воведување на обновливи извори на енергија во нивното работење | |
| | 6.2.6 Надградба на човечките капацитети вооднос на ОЕ | |
| Приоритет 6.3 Валоризација на билошката разновидност во насока на регионален развој | 6.3.1 Заштита на ендемската флора и фауна | • Ниво на свесност кај населението за загазување, заштита на животна средина и заштитени подрачја<br>• Површина на пошумени и зелени подрачја (ха)<br>• Вредност на реализирани проекти;<br>• Број на заштитени подрачја |
| | 6.3.2 Зголемување на зелени површини и пошумување | |
| | 6.3.3 Идентификација на нови и промоција на постојни заштитени подрачја | |
| | 6.3.4 Континуирано унапредување на ЗОО градина | |
| | 6.3.5 Унапредување на прекуграничната соработка во делот на заштита на биодиверзитетот | |
| | 6.3.6 Надградба на човечките капацитети во однос на заштитата и унапредување на биодиверзитетот во регионот | |

## Надлежна институција за спроведување на мерките на регионалниот развој

Законот за рамномерен регионален како носители на политиката за регионален развој на Пелагонискиот плански регион ги дефинира следните: Владата на Република Македонија, Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, Министерството за локална самоуправа, Советот за развој на Пелагонискиот плански регион, додека пак во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој учествуваат и Бирото за регионален развој, Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион и Локалните самоуправи на општините во рамките на Пелагонискиот плански регион: Битола, Прилеп, Крушево, Ресен, Демир Хисар, Могила, Новаци, Кривогаштани и Долнени.

Советот за развој на Пелагонискиот плански регион (СРППР) е одговорен за креирање на развојната политика на планскиот регион, врз основа на креирање на стратешките документи за регионален развој, организирање и координација на активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој, координација на активностите на единиците на локална самоуправа, државните институции во рамките на регионот коишто дејствуваат во областа на регионалниот равој и здруженијата на граѓани, како и промоција на прекуграничната соработка со региони од други земји врз основа на заеднички интереси.

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР) е основан од страна на единиците на локална самоуправа од Пелагонискиот плански регион со цел вршење на стручни работи од значење за регионалниот развој. ЦРППР ги изготвува планските документи и подготвува и имплементира проекти за развој на Пелагонискиот регион обезбедувајќи истовремено и стручна помош за едниниците на локална самоуправа при изготвување на нивните плански документи. За својата работа ЦРППР одговара пред СРППР.

Единиците на локална самоуправа се надлежни за обезбедување информации и ресурси за квалитетна подготовка и имплементација на регионалните проекти, а исто така и за ефективна реализација на локалните проекти, како и оние наменети за развој на подрачјата со специфични потреби и развој на селата.

Одржлив регионален развој се постигнува врз основа на целосна институционална координација за прудентно користење на финансиските средства врз основа на што се овозможува спроведување на развојните регионални програми, во овој случај, Програмата за развој на Пелагонискиот приоритетите и мерките за развој на Пелагонискиот плански регион. Оттука, со овој Акционен план се создава подлогата за ефикасно фунцкионирање на системот за поддршка на регионалниот развој на Пелагонискиот плански регион којшто вклучува елемнти на поттикнување на соработка со невладиниот и бизнис сектор, и претставува стратешка рамка за соработка со соодветните министерства, владини институции, донатори и другите заинтересирани страни за спроведување на политиката за регионален равзој.

## Индикативни финансиски табели за висината на трошоците и извори на финансирање на регионалниот развој

Според Фискалната стратегија на Република Македонија за периодот 2013 – 2015 година, донесена од Владата на Република Македонија основна цел, согласно со економската програма, е намалувањето на негативните последици од светската економска криза, како и забрзување на економскиот раст. Притоа, потребно е неколкугодишно последователно остварување на високи стапки на раст за граѓаните да почувствуваат позначајно зголемување на расположливиот доход и подобрување

на нивниот животен стандард. Оттука, може да се очекува дека во наредните години, капиталните вложувања во регионалниот развој би имале споредливо ниво на раст како и домашниот прозивод.

**Табела 3**

| Извор на финансирање | 2013 | 2014 | 2015 | Вкупно (2013-2015) |
|---|---|---|---|---|
| **во милиони денари** | | | | |
| Министерство за локална самоуправа | 49,992 | 53,78 | 63,88 | **167,652** |
| Останати министрества | 11732,099 | 1236,155 | 11021,75 | **23990,004** |
| **Вкупно** | **11782,091** | **1289,935** | **11085,63** | **24157,656** |

Буџетите на Програмите за регионален развој се обезбедени од изворни средства на Буџетот на Република Македонија. Износите кои се на располагање на корисниците се прикажани во следната табела.

**Табела 4**

| Извор на финансирање | Намена | 2013 | 2014 | 2015 | Вкупно (2013-2015) |
|---|---|---|---|---|---|
| *во милиони денари* | | | | | |
| Министерство за локална самоуправа | Рамномерен регионален развој | 49,992 | 53,78 | 63,88 | 167,652 |
| Биро за регионален развој | Рамномерен регионален развој | 49,043 | 50,00 | 55,00 | 154,043 |
| **Вкупно** | | **99,035** | **103,780** | **118,88** | **321,695** |

Покрај наведените средства за регионален развој, Буџетот на РМ за 2015 година, во буџетите на останатите линиски министерства, содржи средства кои во себе имаат регионална развојна компонента и се наменети за поддршка на регионалниот развој:

**Табела 5**

| Институција | 2013 | 2014 | 2015 | Вкупно (2013-2015) |
|---|---|---|---|---|
| **Во милиони денари** | | | | |
| Министерство за финансии (основен буџет) | 118,852 | 103,135 | 46,261 | 268,248 |
| Министерство за финансии (заеми) | 490,480 | 674,41 | 858,34 | 2.023,23 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Министерство за финансии (донации) | 1122,767 | 458,61 | 197,149 | 3.654,406 |
| **Вкупно** | **11732,099** | **1236,155** | **11021,75** | **5944,884** |

За време на изготвувањето на Акцискиот план немаше соодветни информации за проектите што ќе бидат финансирани од страна на линиските министерства согласно Програмата за развој на Пелагонискиот регион, па оттука во овој Акциски план предвидени се средства со согласност со предвидениот процентуален износ на средства за Пелагонискиот плански регион. За Пелагонискиот плански регион предвидено е во периодот 2013-2017 година да се одделуваат 11.9% од вкупните средства за рамномерен регионален развој коишто на годишно ниво ќе се предвидат во Буџетот на Република Македонија.

Исто така, Инструментот за претпистапна помош на ЕУ и билатералните програми на донаторската заедница во РМ претставуваат извори на финансирање на регионалните приоритети во 2015 година. Вкупните износи и алокации на овие програми во моментот на подготовката на Акцискиот план не се познати, но истите ќе бидат достапни при отворањето на поедничените повици за поднесување на развојни проекти.

**Прилог 1:**
**ГОДИШНА ЛИСТА НА ПРЕДЛОГ – ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2015 ГОДИНА**

| Реден број | Име на проектот | Предлагач |
|---|---|---|
| 1. | Замена на постојните светилки од градското улично осветлување со нови енергетско-ефикански светилки | Општина Битола |
| 2. | Доизградба на Булеварскиот влез од страната на Прилеп | |
| 3. | Доизградба на влезот од страната на Охрид | |
| 4. | Изградба на кино „Манаки“ | |
| 5. | Туристички инфо киосци | |
| 6. | Реконструкција и модернизација на спортските игралишта и објекти | |
| 7. | Изработка на Локален еколошки акциски план | |
| 8. | Енергетска ефикасност – издавање на пасоши за јавни објекти и институции | |
| 9. | Затворен пливачки базен | |
| 10. | Реконструкција на автобуските постојки во градот | |
| 11. | Реконструкција речно корито река драгор | |
| 12. | Техничка документација за водоснабдување на населените места Беранци , Д.Србци, Вашарејца, Лознани, Ивањевци, Подино, Св.Тодори и Трновци од регионалната водоводна мрежа на ЈП Водовод Битола (техничка документација во изработка МЖСПП) | Општина Могила |
| 13. | Уредување на корито на река Шемница | |
| 14. | Техничка документација за асфалтирање на пат за поврзување на регионален пат Битола –Прилеп со регионален пат Битола – Кривогаштани преку Д.Србци и Ивањевци | |
| 15. | Едукација за искористување на биомаса и воспоставување на соработка меѓу засегнатите страни | |
| 16. | Публикација за културното археолошко наследство во Пелагонија | |

| | | |
|---|---|---|
| 17. | Тура за агро-туризам како дел од Пелагонискиот туристички пакет | |
| 18. | Поддршка на културни манифестации со регионално значење | |
| 19. | Трафостаница во ИЗ Петилеп | |
| 20. | Водоснабдување ИЗ Петилеп | |
| 21. | Поврзување на регионален пат со село Св Тодори со РП Битола - Кривогаштани – Крушево | |
| 22. | Поврзување на регионален пат со село Мусинци со РП Новаци- Прилеп | |
| 23. | Техничка документација за Граѓански Центар | |
| 24. | Уредување на бина, простор за културни манифестации - 1 фаза | |
| 25. | Центри за ран детски развој | |
| 26. | Изработка на техничка документација за канализација за населено место Добрушево и Ивањевци | |
| 27. | Изработка на техничка документација за мини-акумулации за наводнување во потегот Беранци – Д.Српци | |
| 28. | Шпундова ограда за Црна Река (Чарлија) | |
| 29. | Изработка на проектна документација за асфалирање на пат до Манастирите Св. Кирил и Методиј во Лознани и Св Јован во Беранци и уредување на пешачки и велосипедски патеки и уредување на излетнички места во околината на манастирите | |
| 30. | Изработка на комплетна урбанистичка и проектна документација како и партерно уредување на просторот "Рудина" каде се одржува фестивалот на гајди "Пеце Атанасовски" | Општина Долнени |
| 31. | Поставување на соларни колектори лоцирани на просторот КП Вранче, КО Славеј и КО Големо Коњари | |
| 32. | Изработка на спортско рекреативен комплекс со тренинг центар за параглајдеристи и делтаплани, лоцирани на ридот во КО Новоселани, општина Долнени | |
| 33. | Изработка на ЛЕАП за сите општини во регионот | |

| | | |
|---|---|---|
| 34. | Проект за инфраструктура во индустриска зона "Опаленик" | Општина Крушево |
| 35. | Проект за линиска инфраструктура за поврзување на н.м. Житоше - општина Долнени со н.м. Борино - општина Крушево во должина од 1475 м. | |
| 36. | Изработка на урбанистичка документација за заштитено подрачје "Мечкин Камен" | |
| 37. | Изработка на урбанистичка документација за полетиште за параглајдери | |
| 38. | Уредување на коритото на Црна Река | |
| 39. | Зголемена енергетска ефикасност на објект СОУ "Крсте П. Мисирков" преку промена на постојната надворешна столарија | Општина Демир Хисар |
| 40. | Изработка на техничка документација за потребната инфраструктура (водоводна, канализациона, и електрична мрежа и улици) за индустриска зона Демир Хисар | |
| 41. | Изработка на техничка документација за потребната инфраструктура (водоводна, канализациона и електрична мрежа и улици) за туристички локалитет "Св. Илија" с. Големо Илино, Демир Хисар | |
| 42. | Обележување на патека за џип-турнеа од Новаци-Старавина-Будимирци-Др-Рајс- Скочивир- Брод-Ивени-Гнилеж- Д.Орехово (Паралово)- Новаци или Прилеп до Меџитлија | Општина Новаци |
| 43. | Изработка на техничка документација за реконструкција на региоалниот пат Р 2340 од врска Р 1311 Новаци до врска М-5 Тополчани.Во овој проект би биле вклучени општините Новаци, Могила и Прилеп | |
| 44. | Уредување на порој во с.Гермијан | |
| 45. | Изработка на УПВНМ за автокамп во атарот на с.Рапеш –Брник | |
| 46. | Изработка на УПВНМ за туристичка развојна зона во атарот на Будимирци | |
| 47. | Изработка на УПВНМ за автокамп во атарот на с.Скочивир Коњарка | |
| 48. | Изработка на УПВНМ за туристичка развојна зона во атарот на с.Зовиќ | |
| 49. | Изработка на УПВНМ за туристичка развојна зона во атарот на с.Рапеш- | |

| | | |
|---|---|---|
| | Брник-Ивени | |
| 50. | Пречистителна станица за канализација во с. Новаци | |
| 51. | Реконструкција на регионалниот водовод во с.Градешница, Старавина, Будимирици и Зовиќ | |
| 52. | Реконструкција на заштитна брана во с.Живојно | |
| 53. | Подготовка на Greenfield и Brownfield база на податоци и каталог за секоја општина | Општина Прилеп |
| 54. | Изработка на промотивни материјали за можностите за инвестирање во регионот | |
| 55. | Поддршка на МСП во регионот – утврдување на мерки: обуки, советувања, промоција, воспоставување на контакти и мрежи, грантови итн. | |
| 56. | Проекти од обласна на ЕЕ и ОИЕ во регионот | |
| 57. | Поддршка на занаетчиството во регионот со посебен акцент на автентичите занаети | |
| 58. | Изградба на инфраструктура во ИЗ Прилеп 1, Прилеп 2 и Прилеп 3 | |
| 59. | Промоција на концептот на ЈПП | |
| 60. | Подршка на воведување на нови технологии и стандарди во МСП | |
| 61. | Поддршка за воспоставување на синџири на добавивачи во Пелагонискит регион | |
| 62. | Брендирање на производи | |
| 63. | Надградба и проширување на капацитетите на домот за стари и изнемоштени лица “Киро Крстески Платник“ | |
| 64. | Градска библиотека - Мултимедијално детско катче и реконструкција на средна читална и надградба на магацински простор | |
| 65. | Меѓународен карневал “Прочка“ | |
| 66. | Мариовско-мегленски културни средби | |
| 67. | Фестивал на народни инструменти и песни “Пеце Атанасовски“ | |
| 68. | Велосипедска тура Мариово | |

| | | |
|---|---|---|
| 69. | Ултра Маратон во планинско трчање “По стапките на Крали Марко“ | Општина Прилеп |
| 70. | Мотокрос - Европско првенство | |
| 71. | Болдеринг – “Крали Марко болдер фест“ | |
| 72. | Параглајдинг – Европско првенство | |
| 73. | Уредување на спортско-рекреативни локации и места за одмор во близина на атрактивните локалитети (покрај патот за Манастир Трескавец, во Мариово, Вештачкото езеро, излетничките места) | |
| 74. | Ревитализација на Старата Чаршија во Прилеп | |
| 75. | Ревитализација и изградба на нови содржини во Паркот на Револуцијата во Прилеп | |
| 76. | Ревитализација на Марковите кули | |
| 77. | Изградба на камп | |
| 78. | Изработка на проектно-техничка документација за изградба на општински пат со кој ќе се изврши поврзување од регионален пат Р 526 (над вештачкото езеро Прилеп) до регионален пат А3 (Прилеп - Градско) | |
| 79. | Изградба на општински пат со кој ќе се изврши поврзување од регионален пат Р 526 (над вештачкото езеро Прилеп) до регионален пат А3 (Прилеп - Градско) | |
| 80. | Изработка на проектно-техничка документација за изградба на локален пат од с. Канатларци (Општина Прилеп) до с. Добрушево (Општина Могила) во должина од 5 км. | |
| 81. | Осветлување на клучки на магистралниот пат Прилеп – Битола | |
| 82. | Осовременување и проширување на градскиот превоз во Прилеп | |
| 83. | Изградба на компостара (II фаза од фабриката за селекција на отпад) | |
| 84. | Примарна селекција на отпад – проширување на опфатот во градот и руралните средини (набавка на канти) | |
| 85. | Набавка на нови возила за собирање и транспорт на отпад | |
| 86. | Набавка на нови возила за чистење и миење на јавно прометни површини | |

| | | |
|---|---|---|
| 87. | Изградба на канализациони и водоводни системи во рурални средини | Општина Прилеп |
| 88. | Чистење на диви депонии во регионот | |
| 89. | Набавка на мерни инструменти за аерозагаденост во Општина Прилеп | |
| 90. | Изградба на ботаничка градина | |
| 91. | Изработка на план за управување со Заштитено подрачје "Локви" | |
| 92. | Валоризација на природни богатства – пештери во областа на н.м. Тројаци, Крстец | |
| 93. | Изработка на ЛЕАП-и за општините во регионот | |
| 94. | Чистење на постоечките одводни канали | |
| 95. | Изградба и обележување на велосипедски патеки | |
| 96. | Изградба и обележување на пешачки патеки | |
| 97. | Означување на културно-историските локалитети во руралните средини | |
| 98. | Изработка на каталози за културно-историските локалитети во руралните средини за секоја општина | |
| 99. | Поддршка за земјоделците од регионот за воведување на нови технологии и осовременување на земјоделското производство (поставување на систем капка по капка, пластеници и др.) | |
| 100. | Организирана посета на земјоделски саеми или организација на ваков сам во регионот | |
| 101. | Организирање на обуки за земјоделците | |
| 102. | Уредување на туристичка населба Претор | Општина Ресен |
| 103. | Изградба на велосипедска и пешачка патека за поврзување на манастирите на Баба планина "Патека на светите води" | |
| 104. | Обележување на велосипедска патека и изградба на видиковци во НП Галичица "Тур де Галичица" | |
| 105. | Изградба на набљудувачници и изработка на промотивен материјал за Парк на природата Езерани | |
| 106. | Брендирање на регионални производи (јаболкото, туристичка понуда) | |

| | | |
|---|---|---|
| 107. | Изработка на сообрајќајници во индустриска зона Славеј | Општина Кривогаштани |
| 108. | Изградба на атмосферска и фекална канализација во индустриска зона Славеј | |
| 109. | Изградба на атмосферска и фекална канализација во индустриска зона Славеј | |
| 110. | Изработка на проект за колектор и пречистителна станица за инд. зона Славеј до с. Врбјани | |
| 111. | Изградба на сточен пазар 2-ра фаза | |
| 112. | Изработка на техничка документација за Изградба на локален пат Славеј(индустриска зона) - Боротино -R2339 | |
| 113. | Изградба на тротоар на регионален пат Р2235 (улица "Македонски просветители")во Кривогаштани | |
| 114. | Обуки за општинската админстрација за подготовка на апликации за ИПА повици | |
| 115. | Изградба на водоводна мрежа во индустриска зона Славеј | |
| 116. | Изработка на планска документација за индустриска зона за општините Долнени и Кривогаштани покрај патот Славеј-Заполжани | |
| 117. | Реконструкција на веќе постоечки објект во Кореница и пренамена во Дневен центар за стари лица | |
| 118. | Изработка на стратегија за манастирски туризам во Пелагонискиот регион | |
| 119. | Изработка на туристичка мапа во општина Кривогаштани со опфат на цркви, манастири, археолошки потенцијални локалитети и локалитет Петочница | |
| 120. | Изграда на штркова населба во Кривогаштани | |
| 121. | Реконструкција на стара училишна зграда во Кривогаштани и пренамена во етно музеј | |
| 122. | Манифестација "Денови на македонска народна носија" | |
| 123. | Манифестација "Кромидијада" | |

| | | |
|---|---|---|
| 124. | Изработна на проект за мост на локален пат Славеј - Заполжани | |
| 125. | Изградба на локален пат Славеј - Заполжани -1 фаза | |
| 126. | Изработка на проект за локален пат R2339 до Пашино Рувци | |
| 127. | Изработка на проект за локален пат R2335 во Годивле | |
| 128. | Изработка на сообраќаен проект и поставување на сообраќајни знаци за означување на населено место на регионалните и локалните патишта | |
| 129. | Изработка на ЛЕАП за општините од ППР | |
| 130. | Обезбедување сертификат за енергетските карактеристики на јавни објекти во ППР | |
| 131. | Инсталација на ЕЕ улични светилки | |
| 132. | Изработка на стратегија за рурален развој на Пелагонискиот регион | |
| 133. | Изработка на проект за наводнување | |
| 134. | Развивање на Пелагонија како дестинација за авантуристички туризам | Центар за развој на Пелагониски плански регион |
| 135. | Подобрување на патната инфраструктура и подобро поврзување на Пелагонија со пристаништето во Драч, Р. Албанија (изградба на транспортна обиколница околу Ресен) | |
| 136. | Подобрување на условите за развој на руралните средини во Пелагонија (подготовка на студија за изградба на водопоила и бушотини со фотоволтаици и студија за електрификација на трла и бачила) | |
| 137. | Подобрување на регионалната патна инфраструктура (изградба на тротоари на регионални патишта во Новаци, Могила и Битола) | |
| 138. | Унапредување на туристичката понуда на Пелагонија преку изградба на инфраструктура за спортски и алтернативен туризам (техничка документација за патеките во рамките на џип-турнеја Мариово) | |
| 139. | Подобрување на туристичката понуда на Пелагонија преку изградба на инфраструктура (техничка документација за уредување на спомен-обележје на Ѓорѓи Сугарев во Паралово кај Чукарите) | |
| 140. | Подобрување на животната средина и зголемување на економскиот развој на Пелагонискиот регион (студија за намалување на органскиот | |

| | | |
|---|---|---|
| | отпад во Пелагонискиот регион) | |
| 141. | Унапредување на земјоделието во Пелагонија и подобрување на условите за живот во руралните средини (техничка документација за регионален откупен и преработувачки центар во Могила и студија за оценка на капацитетите на земјоделското производство во Пелагонија) | |
| 142. | Зголемена енергетска ефикасност на објект СОУ Крсте Петков Мисирков Демир Хисар преку промена на постојна надворешна столарија | |
| 143. | Регулација на речното корито на река Црна и нејзините притоки по течението на општините Демир Хисар, Битола, Новаци и Могила | |
| 144. | Мрежа за регионален развој на Пелагонија | |
| 145. | Креирање на меѓународни туристички производи за таргетирани групи туристи | |
| 146. | Вмрежување на туристичките места во руралните средини во Пелагониски регион | |
| 147. | Одржливост на ЛАГовите во Пелагонија | |
| 148. | Регионални денови на културата во Пелагонија | |
| 149. | Унапредување на туристичката понуда на Пелагонија и Долна Нормандија преку зајакнување на соработката помеѓу двата региони | |
| 150. | Култивирање на ароматични и лековити билки во Пелагонискиот регион | |
| 151. | Откријте ја Пелагонија | |
| 152. | Јакнење на регионалниот идентитет преку унапредување и заштита на културно-историското наследство во регионот | |
| 153. | Изработка на пред-физибилити Студија за искористување на биомасата за добивање на енергија во Пелагонискиот регион | |
| 154. | Анализа на можностите за подобрување на поврзаноста помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на сила во Пелагонискиот Пелагонискиот регион | |
| 155. | Анализа на можностите за подобрување на енергетската ефикасност во јавните објекти во Пелагонискиот регион и анализа на можноста за | |

| | | |
|---|---|---|
| | зголемување на учеството на енергијата добиена од обновливи извори во вкупната потрошувачка на енергија во регионот | |
| 156. | Инвестирање во регионалната конкурентност | |
| 157. | Имплементација на Едукативната програма за маркетинг и промоција на Зоолошката Градина во Битола | |
| 158. | Анализа на воспитно-образовните ресурси на сите нивоа на образование во Пелагонискиот регион | |
| 159. | Развој на капацитетите на човековите ресурси за одржлив развој на регионот | |
| 160. | Подобрување на заштитата на животната средина во Пелагонискиот регион преку инвестиции во Националните паркови | |
| 161. | Создавање на советодавни пакети за поддршка и унапредување на примарното земјоделско производство преку конкурентните земјоделски производи на регионот | |
| 162. | Брендирање и промоција на конкурентите земјоделски производи во регионот | |
| 163. | Креирање на инфо-деск за ЕУ ЛЕАДЕР пристапот во Пелагонискиот регион | |

**Д-р Владимир Талески**

________________________________

**Претседател на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион**